Врз основа на член 65 од Статутот на Либерално-демократската партија, Конференцијата на Либерално-демократската младина, на седницата одржана на ден 24.11.2007 година, ги донесе следните

# П Р А В И Л А
## за работа на Либерално-демократската младина

## И. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Либерално-демократската младина е подмладок на Либерално-демократската партија.

Либерално-демократската младина целосно ги прифаќа Програмата и политичката платформа на Либерално-демократската партија, но е самостојна во спроведувањето на своите цели и задачи утврдени со Правилата за работа, Програмската декларација и Програмата за работа на Либерално-демократската младина.

### Член 2

Името на подмладокот е: Либерално-демократска младина.

Скратеното име на подмладокот е: ЛиДеМ.

Седиштето на Либерално-демократската младина е во Скопје на адреса: Булевар вПартизански одредиг број 2, 1000 Скопје.

### Член 3

Официјални симболи на Либерално-демократската младина се нејзиниот знак и знаме.

Знакот на ЛиДеМ е син триаголник во кој е внесена стилизирана ракописна буква "Л", со жолта боја, а под неа се наоѓа стилизирана ракописна буква "М" со жолта боја.

Под знакот стои скратеното име на Либерално-демократската младина.

Знамето има правоаголна форма во соодност на страните 1:2, со бела основа, а во неговата средина се аплицира знакот на Либерално-демократската младина.

### Член 4

Либерално-демократската младина, со посебна одлука на Централниот одбор може да развива различни облици на соработка со други подмладоци на политички партии, други организации од најразлични профили и асоцијации на млади од земјата и странство, а кои имаат сродни програмски цели.

### Член 5

Либерално-демократската младина партиципира во работата на Либерално-демократската партија на начин предвиден со Статутот на Партијата и овие Правила.

## ИИ. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

### Член 6

Либерално-демократската младина ги има следните цели и задачи:

- афирмација на Република Македонија како модерна, правна, демократска и социјална држава со јасна поделба на законодавната, судската и извршната власт, и функционирањето на принципот на "проверка и урамнотеженост" како есенцијален за стабилноста на политичкиот систем на државата;
- развивање на политичката култура кај младите и воопшто граѓаните на Република Македонија;
- осуда на секаков вид на монопол врз свеста на младите;

- осуда на сите форми на дискриминација врз основа на национална, верска, политичка, расна и полова припадност, материјална состојба, социјален статус или било која лична околност;

- духовна и интелектуална надградба на младиот човек;

- современ, флексибилен и неоптоварувачки образовен систем;

- дејствување во насока на реформи на системот, но и на свеста и дејствувањето на граѓаните за да се дојде до општествен поредок заснован врз автономијата на граѓанското општество;

- стимулација на:

а) претприемништвото,

б) пазарната економија и вклопувањето на Македонија во европските стопански текови,

г) постоењето на функционална берза на пари и стоки, и

д) прифаќањето на светските стандарди во сите сфери на економското, политичкото и општественото живеење;

- меѓународна соработка заснована на етичките принципи на философијата на либералната-демократија која бара слободна размена на погледи и инсистира на хармонизирањето на односот поединец - заедница, заедница - држава, поединец - држава и држава - држава, како предуслов(и) за развивање на стабилноста на демократијата и спречувањето на нејзината деформација во Македонија и надвор од нејзините граници;

- здрава и чиста животна средина и здрава храна;

- грижа за лицата со посебни потреби, и

- слободен проток на луѓе, идеи и стоки на европско и светско ниво.

**Член 7**

Либерално-демократската младина своите цели и задачи ги остварува преку:

- индивидуално и колективно дејствување на членовите и органите и телата на ЛиДеМ, и

- соработка на ЛиДеМ со соодветни младински организации и структури од земјата и странство.

## ИИИ. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 8**

Член на ЛиДеМ може да биде секој полнолетен граѓанин на Република Македонија.

Членството во ЛиДеМ престанува со наполнувањето на 30 години.

По исклучок на став 2 од овој член, на членовите на ЛиДеМ кои се избрани на одредени функции, членството во ЛиДеМ им се продолжува до завршувањето на мандатот.

Член на Либерално-демократската младина се станува со потпишување на Пристапница.

Пристапницата членот ја доставува до:

- општинската организација на Либерално-демократската младина или ЛДП, која потоа ја испраќа до седиштето на ЛиДеМ, или

- директно до седиштето на Либерално-демократската младина или ЛДП.

**Член 9**

Членот на Либерално-демократската младина ги има следните права, должности и одговорности:

- активно да учествува во остварувањето на целите, задачите и документите на ЛиДеМ, како и активностите кои од нив произлегуваат;

- да учествува во утврдувањето и спроведувањето на активностите на сите нивоа на организирање на ЛиДеМ преку иницирање, подготовка и реализација на проекти во насока на целите, задачите и програмата на Либерално-демократската младина од страна на телата и органите на ЛиДеМ;

- да бира и да биде биран во телата и органите на ЛиДеМ;

- редовно да биде информиран за активностите на Либерално-демократската младина на сите нивоа;

- да има и поинаков став од мнозинството во Либерално-демократската младина и да се залага за афирмација на таквиот став во и преку органите на ЛиДеМ, при што крајниот став на мнозинството е задолжителен;

- за својата работа одговара пред соодветните органи и тела на ЛиДеМ, и

- остварува и други права, должности и одговорности што произлегуваат од овие Правила или Статутот на Либерално-демократската партија.

## ИВ. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

### Член 10

Членовите на Либерално-демократската младина се организираат на територијален принцип.

Територијалниот принцип на организирање на Либерално-демократската младина подразбира:

- општински организации на Либерално-демократската младина;
- Градска организација на ЛиДеМ - Скопје, и
- организација на државно ниво.

## ИВ.А. ОПШТИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

### Член 11

Основен облик на територијално организирање на Либерално-демократската младина е општинската организација.

Општинската организација дејствува врз остварувањето на целите и задачите на ЛиДеМ на територијата на својата општина.

Општинска организација се формира со одлука на Централниот одбор, а по барање на Иницијативен одбор за формирање на општинска организација.

Општинската организација може да формира и потесни форми на организирање, зависно од бројот на членовите на Либерално-демократската младина во таа општина.

Начинот на работата на општинските организации на Либерално-демократската младина се регулира со унифицирани Правила за работа на општинските организации што ги донесува Централниот одбор на ЛиДеМ.

Со унифицираните Правила за работа на Општинската организација се регулира и постапката за избор на Општинскиот одбор, Извршниот одбор и претседателот на Општинската организација.

### Член 12

Општинската организација ги има следните органи и тела:

- Собрание;
- Општински одбор;
- Извршен одбор на Општинскиот одбор;

- претседател, и
- Надзорен одбор.

**Член 13**

Собранието на општинската организација го сочинуваат сите членови од подрачјето на општината, доколку бројот на членовите во општинската организација не го надминува бројот од 70 членови.

Членовите на Собраниието на општинската организација кое брои повеќе од 70 членови се избираат во согласност со посебна постапка за избор на членови на Собрание на општинска организација, што ја донесува Централниот одбор на Либерално-демократската младина.

**Член 14**

Собранието на општинската организација:

- ги разгледува основните прашања, документи и дејности на општинската организација на Либерално-демократската младина;
- избира:

а) Општински одбор на организацијата, и

б) Надзорен одбор;

- усвојува Правила за работа на општинската организација на ЛиДеМ;
- донесува Деловник за работа од своја надлежност, и
- реализира и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат органите на ЛиДеМ, кои произлегуваат од програмските активности и овие Правила или се утврдени во Правилата за работа на општинската организација на Либерално-демократската младина.

**Член 15**

Општинскиот одбор е највисок политички орган на општинската организација помеѓу две нејзини Собранија кој ги извршува оперативно-политичките дејности на Либерално-демократската младина во општината во која дејствува.

Општинскиот одбор брои од 11 до 31 член.

Во руралните општини, општинскиот одбор на ЛиДеМ може да брои од 7 до 15 членови.

Мандатот на членовите на Општинскиот одбор трае 2 години со право на повторен избор.

Општинскиот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

- избира претседател, еден до три потпретседатели и секретар на Општинскиот одбор на општинската организација, Извршен одбор на Општинскиот одбор и претставници на општинската организација во Конференцијата на ЛиДеМ;
- дејствува врз остварувањето на програмските активности на Либерално-демократската младина во општината;
- ги реализира актите на Собранието и оние на органите на Либерално-демократската младина на државно ниво;
- донесува одлуки за основање други форми на територијално организирање во рамките на општинската организација;
- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности што произлегуваат од програмските активности на ЛиДеМ, овие Правила или Правилата за работа на општинската организација на ЛиДеМ.

**Член 16**

Извршниот одбор на Општинскиот одбор е извршен орган на општинската организација на Либерално-демократската младина и ги врши оперативно-политичките работи.

Извршниот Одбор на Општинскиот одбор брои од 7до 17 членови.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор на Општинскиот одбор трае 2 години, со право на повторен избор.

Членови на Извршниот одбор на Општинскиот одбор се претседателот на општинската организација, попретседателите на Општинскиот одбор и секретарот на општинската организација.

Извршниот одбор на Општинскиот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

- предлага ставови и заклучоци до Општинскиот одбор;
- утврдува Нацрт-извештај за работа на општинската организација на Либерално-демократската младина;
- ги спроведува одлуките и заклучоците на Општинскиот одбор;
- донесува Деловник за својата работа, и
- врши и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери општинскиот одбор или не се ставени во надлежност на друг орган на општинската организација.

**Член 17**

Во случај кога Општинскиот одбор на општинската организација во рамките на своите активности не се придржува кон Програмата, Правилата за работа на Либерално-демократската младина или поради неактивност истиот може да биде распуштен од страна на Централниот одбор.

Предлог за отповикување на член на Општинскиот одбор или Општинскиот одбор во целина може да поднесе орган на општинската организација на ЛиДеМ или најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието на општинската организација.

Предлогот мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен, а конечна одлука за тоа донесува Собранието на општинската организација.

Во текот на мандатот општинскиот одбор може да одлучува по предлогот за кадровски промени во својот состав но најмногу до 20% од вкупниот број членови.

По распуштањето на општинскиот одбор, генералниот секретар на Либерално-демократската младина свикува вонредно собрание на општинската организација.

Предлог за отповикување на член на Извршниот одбор на Општинскиот одбор, или Извршниот одбор на Општинскиот одбор во целина може да поднесе орган на општинската организација на ЛиДеМ или најмалку 1/3 од членовите на општинскиот одбор.

Предлогот мора да биде поднесен во писмена форма, образложен, а конечна одлука за тоа донесува Општинскиот одбор на организацијата.

**Член 18**

Собранието на општинската организација избира членови на Надзорниот одбор од редот на своите членови. Надзорниот одбор брои три члена.

Член на Надзорниот одбор не може да биде член на Општинскиот одбор на општинската организација или неговите работни тела.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 2 години со право на уште еден избор.

Надзорниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

-врши контрола врз спроведувањето на Правилата за работа на општинската организација на ЛиДеМ и се грижи за согласноста на актите на општинската организација со Правилата за работа на Либерално-демократската младина;

- може да учествува во работата на општинскиот одбор;
- избира претседател на Надзорниот одбор од редот на своите членови;

- го контролира спроведувањето на актите на Собранието, Општинскиот одбор, Извршниот одбор на општинскиот одбор и органите на ЛиДеМ, и

- остварува и други права, должности и одговорности утврдени со Закон.

**Член 19**

Надзорниот одбор или одделни негови членови можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот поради неактивност, несовесност или нестручност во извршувањето на доверените права, должности и одговорности.

Предлог за отповикување на член на Надзорниот одбор или Надзорниот одбор во целост може да поднесат:

- орган на општинската организација, или
- најмалку 1/2 од членовите на Општинскиот одбор.

Предлогот мора да биде поднесен во писмена форма и образложен, а конечна одлука за тоа носи Собранието на општинската организација.

**Член 20**

Претседателот на општинската организација го избира Општинскиот одбор од редот на своите членови и тој е претседател на Општинскиот одбор и на Извршниот одбор на Општинскиот одбор на организацијата.

Мандатот на претседателот на општинската организација трае 2 години со право на уште еден избор.

Претседателот на општинската организација ги има следните права, должности и одговорности:

- ги свикува и претседава со седниците на Општинскиот одбор и Извршниот одбор на Општинскиот одбор;
- го предлага составот на Извршниот одбор на Општинскиот одбор;
- предлага Програма за работа на општинската организација;
- ја претставува и застапува општинската организација;
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери Собранието, Општинскиот одбор, Извршниот одбор на Општинскиот одбор, орган на ЛиДеМ, или произлегуваат од овие Правила и Правилата за работа на општинската организација.

**Член 21**

Функцијата на претседателот на општинската организација може да му престане:

- по негово барање, или
- доколку поради неактивност во период од 6 месеци или несоодветно вршење на доверените права, должности и одговорности биде разрешен од страна на Општинскиот одбор пред истекот на неговиот мандат.

Предлог за разрешување на претседателот може да поднесат:

- најмалку една третина од членовите на Општинскиот одбор, или
- орган на Либерално-демократската младина.

Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен.

## ИВ.Б. ГРАДСКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА-СКОПЈЕ

**Член 22**

Поради специфичната положба на градот Скопје како главен град на државата и град кој согласно Уставот на Република Македонија и Законот за Град Скопје има посебен статус, а како посебен облик на координација на општинските организации и членовите на Либерално-демократската младина на територијата на Скопје, на ниво на

Град Скопје се формира Градска организација на Либерално-демократската младина - Скопје.

**Член 23**

Градската организација на ЛиДеМ - Скопје ги има следните органи и тела:

- Собрание на Градската организација, составено од избрани претставници на општинските организации на Либерално-демократската младина на територијата на Град Скопје и членовите на Централниот одбор на ЛиДеМ со живеалиште во Скопје;
- Градски одбор на Градската организација на ЛиДеМ, кој брои од 21 до 31 член.
- Извршен одбор на Градскиот одбор, кој брои од 11 до 15 членови;
- Надзорен одбор, кој брои 3 членови, и
- претседател на Градската организација.

Правата, должностите и одговорностите на органите и телата на Градската организација се соодветни на оние на општинските организации и се утврдуваат со Правила за работа на Градската организација на Либерално-демократската младина - Скопје.

Претседателите на општинските организации на ЛиДеМ од Скопје учествуваат во работата на Градската организација на ЛиДеМ Скопје но без право на глас.

## ИВ.Г. НАЧИН НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 24**

Сите документи што ги донесуваат облиците на територијалното организирање на членовите на Либерално-демократската младина мора да бидат во согласност со Правилата за работа на Либерално-демократската младина и Програмата за работа на Либерално-демократската младина.

## В. ОРГАНИ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 25**

Органи на ЛиДеМ се:

- Конференција;
- Централен одбор;
- Извршен одбор на Централниот одбор;
- Надзорен одбор, и
- претседател, потпретседатели и генерален секретар на ЛиДеМ.

## В.А. КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 26**

Конференцијата е највисок орган на ЛиДеМ.

Конференцијата ја сочинуваат:

- претседателот на Либерално-демократската младина;
- членовите на Централниот одбор;
- членовите на Надзорниот одбор;
- претседателите на општинските организации на ЛиДеМ;
- претседателот на Градската организација на ЛиДеМ Скопје и
- членови избрани од општинските организации и Градската организација на ЛиДеМ - Скопје

Бројот на членовите на Конференцијата од општинските организации и Градската организација - Скопје и постапката за нивниот избор ги определува Централниот одбор на Либерално-демократската младина.

Мандатот на членовите на Конференцијата им завршува со завршувањето на самата Конференција.

**Член 27**

Конференцијата на Либерално-демократската младина се одржува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Конференцијата ја свикува претседателот на ЛиДеМ, и тоа:

- согласно став 1 од овој член;
- по заклучок на Централниот одбор на ЛиДеМ, и
- по барање на најмалку 1/2 од постоечките општински организации.

Изборната Конференција се закажува најмногу 90, а најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на Централен одбор.

**Член 28**

Конференцијата ја отвара и до изборот на Работното претседателство со неа раководи претседателот на Либерално-демократската младина.

Конференцијата се свикува со писмена покана во која се содржи дневниот ред за работата на седницата, а во прилог на поканата се доставуваат и сите предложени документи, сумирани во предлог-верзии.

**Член 29**

Конференцијата работи според Деловник за работа на Конференцијата на ЛиДеМ.

Деловникот се донесува со мнозинство гласови од присутните членови на Конференцијата на Либерално-демократската младина.

Измените и дополнувањата на Деловникот се вршат на начин предвиден за неговото донесување.

**Член 30**

Конференцијата може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број нејзини членови.

**Член 31**

Конференцијата своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови на седницата, освен доколку со овие Правила за определени прашања не е поинаку утврдено.

Одлуките од својата надлежност, Конференцијата ги донесува врз основа на демократска расправа и јавно.

Гласањето може да биде и тајно, доколку за тоа претходно се донесе посебна одлука.

Резултатите од гласањето ги сумира и презентира Верификационата комисија на Конференцијата.

**Член 32**

Од седниците на Конференцијата се води Записник, што се усвојува на првата следна седница на ова тело.

Записникот го води записничар на седницата.

Записникот го потпишуваат претседателот на Работното претседателство на Конференцијата и двајца членови на Конференцијата, избрани за заверувачи на Записникот.

**Член 33**

Конференцијата на Либерално-демократската младина ги има следните права, должности и одговорности:

- донесува Програмска декларација на ЛиДеМ;

- утврдува периодична Програмата за работа на ЛиДеМ;
- усвојува Извештај за работата на ЛиДеМ;
- усвојува Извештај на Надзорниот одбор;
- донесува Правила на ЛиДеМ и врши измени и дополнувања на истите;
- избира:
а) претседател на Либерално-демократската младина;
в) Централен одбор;
г) Надзорен одбор;
- потврдува одлуки на Централниот и Надзорниот одбор;
- разгледува барања што се упатени до Конференцијата;
- ратификува зачленување во меѓународни асоцијации;
- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности што произлегуваат од програмските активности или се утврдени со овие Правила, Статутот на ЛДП, со Закон и други прописи.

**Член 34**

Во итни случаи и вонредни околности, односно во услови кога е оневозможено нормалното реализирање на одредбите од Правилата за работа на ЛиДеМ и на Програмата за работа, правата, должностите и одговорностите на Конференцијата на ЛиДеМ ги презема и врши Централниот одбор.

Централниот одбор го утврдува постоењето на условите утврдени во став 1 од овој член со посебна одлука, која се донесува со 2/3 мнозинство гласови од присутните членови на Централниот одбор.

Централниот одбор донесува одлука за укинување на одлуката за утврдување на вонредни околности или итни случаи по нивното завршување, на начин предвиден за нивното утврдување.

Централниот одбор е должен на првата следна седница на Конференцијата да ја информира истата за преземените активности и донесените документи во периодот на дејствување на Либерално-демократската младина во вонредни околности.

## В.Б. ЦЕНТРАЛЕН ОДБОР НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 35**

Конференцијата на Либерално-демократската младина избира Централен одбор на Либерално-демократската младина како највисок политички орган на ЛиДеМ во периодот помеѓу две Конференции на Либерално-демократската младина.

Составот на Централниот одбор се бира со мнозинство гласови од присутните членови на Конференцијата на ЛиДеМ.

Кандидати за членови на Централниот одбор предлагаат Општинските одбори на општинските организации на ЛиДеМ.

Претседателот на ЛиДеМ може да предложи најмногу 20% од вкупниот број на членовите на Централниот одбор.

Член на Централниот одбор може да предложат и најмалку 20% од вкупниот број на членови на Конференцијата.

Мандатот на членовите на Централниот одбор трае 2 години со право на повторен избор.

**Член 36**

Бројот на избрани членови на Централниот одбор на ЛиДеМ е од 35 до 55.

Членови на Централниот одбор на ЛиДеМ по функција се:

- претседателот на Либерално-демократската младина;

- претседателот на Градската организација на Либерално-демократската младина - Скопје.

Претседателите на општинските организации на ЛиДеМ присуствуваат и учествуваат во работата на Централниот одбор на ЛиДеМ, но без право на глас.

**Член 37**

Централниот одбор одржува седници по потреба, а најмалку еднаш во 3 месеци.

Седница на Централниот одбор може да биде свикана:

- согласно став 1 од овој член;
- по барање на орган на ЛиДеМ;
- по предлог на најмалку 1/3 од постоечките општински организации, и
- по предлог на најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Централниот одбор.

Седниците на Централниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на Либерално-демократската младина.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот, седниците на Централниот одбор ги свикува еден од потпретседателите на Централниот одбор на Либерално-демократската младина, а по претходна писмена согласност од страна на претседателот на ЛиДеМ.

Седниците на Централниот одбор се свикуваат со писмена покана или по електронска пошта во која е содржан и предлогот на дневниот ред.

За работата на седниците на Централниот одбор се води Записник.

Записникот се усвојува на следната седница на Одборот.

**Член 38**

Централниот одбор може полноважно да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број негови членови.

Централниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови на седницата, освен доколку со овие Правила или Деловникот за работа на Централниот одбор не е предвидено друго мнозинство.

**Член 39**

Централниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

- се грижи за реализација на програмските цели и задачи на ЛиДеМ и за усвоените ставови и заклуоци;
- утврдува Предлог-извештај за работата на ЛиДеМ;
- утврдува предлози за изменување и дополнување на Правилата за работа на ЛиДеМ и другите документи што ги усвојува Конференцијата на Либерално-демократската младина;
- избира:

а) Генерален секретар на Либерално-демократската младина,

б) од два до четири потпретседатели на Либерално-демократската младина од редот на членовите на Централниот одбор на ЛиДеМ, и

в) Извршен одбор на Централниот одбор на ЛиДеМ;

- избира организациски секретар;
- ги определува правата, обврските и одговорностите на организацискиот секретар;
- предлага мерки за унапредување на работата на ЛиДеМ и нејзините облици на дејствување;
- формира комисии и повремени работни тела и ја координира и насочува нивната работа;
- организира советувања и други облици на консултации и договарања;
- избира претставници во составите на органите и телата на Либерално-демократската партија, а согласно Статутот на Партијата;
- утврдува унифицирани Правила за работа на општинските организации на Либерално-демократската младина;

- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери Конференцијата на ЛиДеМ или не се ставени во надлежност на друг орган на Либерално-демократската младина.

**Член 40**

За извршувањето на своите права, должности и одговорности, Централниот одбор е одговорен пред Конференцијата на ЛиДеМ, која има право да отповика одделен негов член или Централниот одбор во целост.

Предлог за отповикување на одделни негови членови или пак Централниот одбор во целост може да поднесат:

- орган на ЛиДеМ,
- најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Централниот одбор на ЛиДеМ и
- општинската организација која го предложила.

Предлогот мора да биде доставен во писмена форма и да биде образложен.

Одлуката на Конференцијата за тоа е конечна и се донесува во писмена форма, со мнозинство предвидено за изборот на Централниот одбор.

**Член 41**

Во текот на мандатот Централниот одбор на ЛиДеМ може да одлучува за кадровски промени во својот состав но најмногу до 20% од вкупниот број на членови.

## В.В. ИЗВРШЕН ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНИОТ ОДБОР НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 42**

Извршниот одбор на Централниот одбор е извршно-политички орган на Централниот одбор.

Извршниот одбор на Централниот одбор брои од 15 до 21 членови.

Членови на Извршниот одбор по функција се:

- претседателот на Либерално-демократската младина и
- генералниот секретар на Либерално-демократската младина;

Мандатот на членовите на Извршниот одбор на Централниот одбор трае 2 години со право на повторен избор

**Член 43**

Извршниот одбор на Централниот одбор одржува седници по потреба, а најмалку еднаш во месецот.

Седниците на Извршниот одбор на Централниот одбор ги свикува претседателот на Либерално-демократската младина.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот, седниците ги свикува еден од потпретседателите на ЛиДеМ, но по претходна согласност на претседателот на ЛиДеМ.

Седниците на Извршниот одбор на Централниот одбор се свикуваат со писмена покана или по електронска пошта во која е содржан предлогот на дневниот ред.

За работата на седниците на Извршниот одбор на Централниот одбор се води Записник.

Записникот се усвојува на следната седница на Извршниот одбор на Централниот одбор.

**Член 44**

Седница на Извршниот одбор на Централниот одбор може да биде свикана:

- согласно член 46, став 1 од овие Правила;
- по барање на орган на ЛиДеМ, и
- по барање на најмалку 1/3 од членовите на Одборот.

Извршниот одбор на Централниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број негови членови.

Извршниот одбор на Централниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство од присутните членови на Извршниот одбор на Централниот одбор, освен доколку со овие Правила и Деловникот за работа на Извршниот одбор на Централниот одбор не е утврдено поинакво мнозинство.

**Член 45**

Извршниот одбор на Централниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

- предлага ставови и заклучоци до Централниот одбор;
- утврдува Нацрт-извештај за работата на ЛиДеМ;
- утврдува Нацрт-верзии на Правилата и другите документи што ги разгледуваат и усвојуваат Централниот одбор и Конференцијата;
- ги спроведува одлуките и заклучоците на Централниот одбор;
- преку избрани претставници ги изнесува ставовите на Либерално-демократската младина пред органите и телата на Либерално-демократската партија;
- предлага зачленување во меѓународни асоцијации;
- формира комисии и повремени работни тела и ја координира и насочува нивната активност;
- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери Централниот одбор, како и оние што произлегуваат од целите и задачите на ЛиДеМ, а не се ставени во надлежност на друг орган утврден со овие Правила.

**Член 46**

За извршување на своите права, должности и одговорности, Извршниот одбор на Централниот одбор е одговорен пред Централниот одбор кој има право да отповика одделен негов член или Извршниот одбор на Централниот одбор во целост.

Предлог за тоа може да поднесат:

- орган на ЛиДеМ, и
- најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Централниот одбор.

Предлогот мора да биде доставен во писмена форма и да биде образложен.

Одлуката на Централниот одбор е конечна и се донесува во писмена форма.

## В.Г.ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 47**

Конференцијата избира претседател на Либерално-демократската младина.

Изборот на претседател на Либерално-демократската младина се врши по предлог на:

- орган на Либерално-демократската младина, и/или
- најмалку 1/3 од постоечките општински организации.

Претседателот на ЛиДеМ е претседател и на Централниот и на Извршниот одбор на Централниот одбор на Либерално-демократската младина.

Мандатот на претседателот трае 2 години, со право на уште еден мандат.

**Член 48**

Претседателот на ЛиДеМ се бира од редот на членовите на Конференцијата на Либерално-демократската младина.

За избран се смета оној кандидат за претседател на ЛиДеМ што добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Конференцијата.

Во случај ниту еден од кандидатите да не го добие потребното мнозинство гласови во првиот круг од гласањето, во вториот круг одат првите два кандидати што освоиле најмногу гласови.

За избран се смета оној кандидат за претседател на Либерално-демократската младина кој во вториот круг добил мнозинтво гласови од присутните членови на Конференцијата.

Доколку и во вториот круг ниту еден од кандидатите за претседател на Либерално-демократската младина не го добил потребното мнозинство, постапката за избор на претседател се повторува.

**Член 49**

Претседателот ги има следните права, должности и одговорности:

- ја спроведува политиката на Либерално-демократската младина;
- ги свикува седниците на Конференцијата, Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор;
- предлага листа за членови на Централниот одбор и Извршниот одбор на ЛиДеМ;
- предлага Програма за работа на ЛиДеМ;
- ги потпишува актите што ги донесуваат Конференцијата, Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор;
- се грижи за спроведување на актите што ги донесуваат Конференцијата, Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор;
- предлага мерки и активности за интерната комуникација во ЛиДеМ;
- ја претставува и застапува ЛиДеМ согласно овластувањата утврдени во овие Правила, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат Конференцијата, Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор, или произлегуваат од овие Правила, од Статутот на Либерално-демократската партија или се утврдени со Закон.

**Член 50**

Функцијата на претседателот може да му престане:

- по негово барање, и
- доколку поради неактивност или несоодветно вршење на доверените права, должности и одговорности биде разрешен од страна на Конференцијата на ЛиДеМ пред истекот на мандатот.

Предлог за разрешување на претседателот може да поднесат:

а) орган на ЛиДеМ;

б) најмалку 1/2 од членовите на Централниот одбор, и

в) најмалку 1/3 од постоечките општински организации на Либерално-демократската младина.

Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен.

Одлуката на Конференцијата е конечна и се донесува во писмена форма.

## В.Д.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 51**

Централниот одбор на Либерално-демократската младина бира два до четири потпретседатели, согласно постапка утврдена од страна на Извршниот одбор, а по предлог на:

- орган на Либерално-демократската младина;
- најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Централниот одбор, и
- најмалку 1/3 од постоечките општински организации на ЛиДеМ.

Мандатот на потпретседателите трае 2 години со право на уште еден мандат.

**Член 52**

Потпретседателите ги имаат следните права, должности и одговорности:

- се грижат за реализацијата на Програмата на ЛиДеМ;
- се грижат за операционализација на донесените ставови и заклучоци од органите и телата на ЛиДеМ;
- во случај на спреченост или отсутност на претседателот, ги свикуваат и претседаваат со седниците на Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор;
- остваруваат и други права, должности и одговорности што ќе им ги доверат Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор, или произлегуват од овие Правила, од Статутот на Либерално-демократската партија или се утврдени со Закон.

**Член 53**

Функцијата на потпретседателите може да им престане:

- по нивно барање, и
- доколку поради неактивност или несоодветно вршење на доверените права, должности и одговорности ги разреши Централниот одбор пред истекот на мандатот.

Предлог за разрешување на потпретседателите може да поднесат:

- орган на ЛиДеМ, и
- најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Централниот одбор,
- најмалку 1/3 од вкупниот број општински организации на ЛиДеМ.

Предлогот мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен.

Одлуката на Централниот одбор за тоа е конечна и се донесува во писмена форма.

## В.Ѓ. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 54**

Централниот одбор на ЛиДеМ од сопствените редови избира генерален секретар, а по предлог на:

- орган на Либерално-демократската младина,
- најмалку 1/3 од членовите на Централниот одбор на ЛиДеМ, и
- најмалку 1/3 од постоечките општински организации на ЛиДеМ.

Мандатот на генералниот секретар трае 2 години со право на уште еден избор.

**Член 55**

За избран се смета оној кандидат за генерален секретар на ЛиДеМ што добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Централниот одбор.

Во случај ниту еден од кандидатите да не го добие потребното мнозинство гласови во првиот круг од гласањето, во вториот круг одат првите два кандидати што освоиле најмногу гласови.

За избран се смета оној кандидат за генерален секретар на Либерално-демократската младина кој во вториот круг добил мнозинтво гласови од присутните членови на Централниот одбор.

Доколку и во вториот круг ниту еден од кандидатите за генерален секретар на Либерално-демократската младина не го добил потребното мнозинство, постапката за избор на генерален секретар се повторува.

**Член 56**

Генералниот секретар на ЛиДеМ ги има следните права, должности и одговорности:

- во договор со претседателот и потпретседателите ги подготвува седниците на Конференцијата, Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор;
- му помага на претседателот во креирањето на кадровската политика на Либерално-демократската младина;
- ја координира работата на органите и телата на ЛиДеМ, согласно актите и насоките на Извршниот одбор на Централниот одбор;
- се грижи за спроведувањето на актите што ги донесуваат Конференцијата, Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор;
- предлага организациски секретар кој го избира Централниот одбор, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат Конференцијата, Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор, или произлегуваат од овие Правила, од Статутот на Либерално-демократската партија или се утврдени со Закон.

**Член 57**

Функцијата на генералниот секретар може да престане:

- по негово барање, и
- доколку Централниот одбор на ЛиДеМ го разреши пред истекот на мандатот, а поради неактивност, нецелосно или несоодветно вршење на должноста.

Предлог за разрешување на генералниот секретар може да поднесат:

а) орган на ЛиДеМ;

б) најмалку 1/2 од членовите на Централниот одбор, и

в) најмалку 1/3 од постоечките општински организации на Либерално-демократската младина.

Предлогот мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен.

Одлуката на Централниот одбор за тоа е конечна и се донесува во писмена форма.

## В.Е. НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 58**

Конференцијата избира Надзорен одбор составен од 5 члена, од редот на своите членови, а по предлог на:

- орган на Либерално-демократската младина;
- најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Централниот одбор, и
- најмалку 1/3 од постоечките општински организации на ЛиДеМ.

Член на Надзорниот одбор не може да биде член на Централниот одбор и неговите работни тела.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 2 години со право на уште еден мандат.

**Член 59**

Надзорниот одбор од редот на своите членови избира претседател на Надзорниот одбор.

Мандатот на претседателот на Надзорниот одбор трае 2 години, без право на повторен избор.

**Член 60**

Надзорниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

- ја контролира работата на органите и телата на ЛиДеМ;
- врши контрола врз спроведувањето на Правилата и другите акти на ЛиДеМ и се грижи за согласноста на пониските акти на органите на ЛиДеМ и нејзините територијални облици на организирање кон Правилата за работа на Либерално-демократската младина;
- го контролира спроведувањето на актите на Конференцијата, Централниот одбор и Извршниот одбор на Централниот одбор;
- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности утврдени со овие Правила, Деловникот за работа на Надзорниот одбор или со Закон.

**Член 61**

Надзорниот одбор или одделни негови членови можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот поради неактивност, несовесност или нестручност во извршувањето на доверените права, должности и одговорности.

Предлог за разрешување на Одборот во целост или одделни негови членови може да поднесат:

- орган на Либерално-демократската младина;
- најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Централниот одбор, и
- најмалку 1/3 од постоечките општински организации на ЛиДеМ.

Предлогот мора да биде доставен во писмена форма и да биде образложен.

Одлуката на Конференцијата на ЛиДеМ за тоа е конечна и се донесува во писмена форма, на начин предвиден за изборот на Надзорниот одбор.

## ВИИ. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

### ВИИ.А. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 62**

Либерално-демократската младина ја претставува претседателот.

По негово овластување или во случај на негова спреченост, ЛиДеМ ја претставува еден од потпретседателите на ЛиДеМ што ќе биде овластен од страна на Централниот одбор.

**Член 63**

Претседателот ја претставува ЛиДеМ пред:

- субјектите кои непосредно се заинтересирани за успешно остварување на целите и задачите на ЛиДеМ, и
- меѓународни субјекти кои соработуваат со ЛиДеМ и нивните официјални органи и делегации.

**Член 64**

При претставувањето на Либерално-демократската младина, претседателот нема право да отстапи од целите и задачите на ЛиДеМ, нејзините програмски ориентации и насоки утврдени од Конференцијата на подмладокот и од одредбите од овие Правила.

Претседателот на ЛиДеМ нема право во име на Либерално-демократската младина да презема правни дејства, освен доколку истото не му е доверено од страна на Централниот одбор на Либерално-демократската младина со посебна одлука.

## ВИИ.Б. ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 65**

ЛиДеМ ја застапува претседателот во рамките на остварувањето на нејзините цели и задачи, а согласно своите овластувања утврдени со овие Правила.

## ВИИИ. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 66**

ЛиДеМ обезбедува известување на јавноста за својата работа преку:

- достапност на извештаите и другите материјали од работата на Либерално-демократската младина до членовите на ЛиДеМ, другите заинтересирани лица и нивното доставување до јавноста преку средствата за информирање;
- издавање билтени, весници, информатори и други публикации;
- организирање на конференции за средствата за информирање;
- издавање соопштенија за јавноста;
- непосредно настапување на овластените претставници на ЛиДеМ пред средствата за јавно информирање, и
- други начини кои овозможуваат навремено и вистинито известување на јавноста за работата на Либерално-демократската младина.

## ИЏ. ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТАТА НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 67**

ЛиДеМ може да престане со работа поради:

- престанок на постоењето на Либерално-демократската партија, и
- неактивност и неисполнување на програмските и правилничките одредби, а по одлука на Конференцијата донесена со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Конференцијата на ЛиДеМ.

## Х. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА

**Член 68**

Иницијатива за измени и дополнувања на овие Правила може да покренат:

- орган на ЛиДеМ или негови работни тела, и
- најмалку една општинска организација на ЛиДеМ.

**Член 69**

Иницијативата за измени и дополнувања на Правилата се поднесува во писмена форма до Централниот одбор и истата мора да содржи образложение за причините поради кои иницијативата се поднесува.

По нејзиното примање, иницијативата се разгледува во соодветните тела при Централниот одбор кои даваат мислење по истата.

Врз основа на поднесената иницијатива, претходно водената јавна расправа по нацртот на одлуката, во случај на прифаќање на иницијативата, Централниот одбор утврдува Предлог-одлука за измени и дополнувања на Правилата за работа на ЛиДеМ и ја упатува до Конференцијата.

**Член 70**

За неприфатените иницијативи и причините за тоа, Централниот одбор ги известува подносителите на иницијативата.

Подносителите на иницијативата имаат право да се обратат до Конференцијата со барање за расправа и произнесување постоењето на причините за измени и дополнувања на Правилата.

Правилата, како и измените и дополнувањата на Правилата се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Конференцијата на Либерално-демократската младина.

## ЏИ. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 71**

Овие Правила влегуваат во сила следниот ден по нивното донесување.

Толкување на одредбите на овие Правила дава Централниот одбор на Либерално-демократската младина.

**КОНФЕРЕНЦИЈА НА**
**ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНА**
**Претседател,**
**Горан Милевски**